
ЗЕНИТ
СПИСАНИЕ ЗА НАУКА,
ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА
И УМЕТНОСТ



ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

8-9

8-9/2022

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

**Издавач:**

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

**Главен и одговорен уредник**

Ана Витанова – Рингачева

**Уредници**

Сузана Мицева
Далибор Плечиќ

**Редакција**

Никола Шимиќ - Тонин (Хрватска)
Марија Павловиќ (Србија)
Урсула Келер (Австрија)
Олга Лалиќ – Кровицка (Полска)
Васил Дрвошанов (Македонија)

**Лектура**

Васка Кирова

**Дизајн на корица**

Ване Костуранов

Списанието ЗЕНИТ е финансирано од Министерството за култура на Република Северна Македонија и од буџетот на Општина Струмица.

# СОДРЖИНА

**СЛИКА ПРВА** ........ 7

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА, (У)КРАИНА ........ 9

ПИСАТЕЛОТ НЕ ТРЕБА ДА МУ СЛУГУВА НА ВРЕМЕТО ВО КОЕШТО ЖИВЕЕ, ТУКУ ДА ГО МОДЕЛИРА (Интервју со Игор Станојоски, современ македонски писател и универзитетски професор) ........ 10

Матеј ВРЕБАЦ (Босна и Херцеговина) „ДИССОМНИИ" ОД ИГОР СТАНОЈОСКИ: ИГРА НА НЕСОНИЦА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И УКРАИНА ........ 14

Ана БУНТЕСКА, САКАТЕ ЛИ ВОЈНА? ........ 18

Остап СЛИВИНСКИ (Украина) ........ 22

Дарина ГЛАДУН (Украина) ........ 27

Катерина КАЛИТКО (Украина) ........ 31

Марјана КИЈАНОВСКА (Украина) ........ 33

Галина КРУК (Украина) ........ 34

Љуба ЈАКИМЧУК (Украина) ........ 35

Ија КИВА (Украина) ........ 36

Илја КАМИНСКИ (Украина) ........ 37

Борис ГУМЕЊУК (Украина) ........ 38

Васил ГОЛОБОРОДКО (Украина) ........ 39

Тања КРМЗОВА-КОСТИГЛИОЛА (Македонија) ........ 41

Јосип КОЦЕВ (Македонија) ........ 46

Никола ШИМИЌ-ТОНИН (Хрватска) ........ 48

Пејо ШИМИЌ (Босна и Херцеговина) ........ 50

Мелани ИВАНОВА (Македонија) ........ 52

**СЛИКА ВТОРА** ........ 55

**I ПОТРАГА ВО ДВА НОСА** ........ 56

ПАРИЗ, ЕРУСАЛИМ НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНОСТИ (Интервју со ликовниот уметник Никола Пијанманов) ........ 57

ЈАЗИКОТ НА УМЕТНОСТА НАЈЧЕСТО ГО СЛУШАМ НОЌЕ (Интервју со ликовниот уметник Пане Ѓоргиев) ..... 64

УМЕТНОСТА САМА ПО СЕБЕ Е ПРКОС (Интервју со младиот режисер Дејан Ангелов) ..... 68

**II ПРУГА ..... 76**

Шунтаро ТАНИКАВА (Јапонија) ..... 77

Милан ЈАЗБЕЦ (Словенија) ..... 83

Борислав ВЛАДИКОВ (Бугарија) ..... 87

Жаклина КУТИЈА(Хрватска) ..... 93

Лејла КАЛАМУЈИЌ (Босна и Херцеговина) ..... 94

Жаклина КУТИЈА (Хрватска) ..... 96

Јорданка БЕЛЕВА (Бугарија) ..... 97

**III ГУНА ..... 100**

Трајче КАЦАРОВ ..... 101

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА ..... 103

Елизабета ДОНЧЕВСКА-ЛУШИН ..... 106

Ацо ЃОРГИЕВ ..... 108

Снежана СТОЈЧЕВСКА ..... 110

Надица КАРАКОЛЕВА ..... 113

Марина ИКОНОМОВА-ШОКЕВА ..... 118

Томе ВЕЛКОВ ..... 119

Тони ЏОРЛЕВ ..... 122

Матеа ДИМОВА ..... 124

Ѓорги П. ПАНОВ ..... 125

Ѓорги ЗИМБАКОВ ..... 127

Томе ХРИСТОВ ..... 130

Игор ПОП ТРАЈКОВ ..... 133

**IV П(Р)ОГЛЕДИ ..... 141**

Васил ТОЦИНОВСКИ, ПРИНЦОВИ НА МЕТАФОРАТА ..... 142

Атина ЦВЕТАНОСКА. НЕРУДА И НЕГОВИТЕ СОНЕТИ ОД ДРВО........................150

Маја ЈАКИМОВСКА-ТОШИЌ. ЖИВОТОТ ПОМЕЃУ ЛЕСНОТО, ИГРИВОТО И ОДЖИВЕАНОТО, И РЕВНОСНОТО/ГРИЖЛИВОТ........................166

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА. ЗА ЗЕМНОТО БУНИШТЕ МИНЛИВОСТ. (Кон стихозбирката „Опит" на Сузана Мицева)........................170

Васил ТОЦИНОВСКИ. ПРИКАЗНАТА Е БЕСКРАЈНА (Киро Донев. 2020. Видое Подгорец – незавршена приказна. Струмица: ЗГ „Средби под јаворите – Видое Подгорец"........................178

Васил ДРВОШАНОВ. РОДНОКРАЈНИТЕ МАРКЕРИ ВО РОМАНОТ „МАНАСТИРСКИ SВОНА" ОД КИРО ДОНЕВ........................181

Сузана МИЦЕВА. КОН РОМАНОТ „ТРАМОНТАНА" ИЛИ „ВЕТРИШТАТА НА (СЕБЕ) ПРОЧИСТУВАЊЕТО........................195

Славчо КОВИЛОСКИ. КОН КНИГАТА АВТОРИ И ДЕЛА, VII ОД ВАСИЛ ДРВОШАНОВ........................198

Марија ИВАНОВА.Дијалектни карактеристики на кусите народни жанрови од Пијанечко........................202

Адијата ИБИРШИМОВИЌ-ШАБИЌ. ПОД ЗНАМЕТО НА ЉУБОВТА И ДОБРИНАТА (ЗА СУЕТАТА, СОНИШТАТА И ЗА УШТЕ НЕШТО)........................212

Горјан ПЕТРЕСКИ. „SВЕЗДЕНА ЛЕКТИРА" ИЛИ ПРЕПЕВ НА СЕБЕСИ (Кон книгата „Sвездена лектира" од Власта Н. Цениќ, препев: Филип Димкоски, 2022)........................217

Јованка ДЕНКОВА. ГЛУВАРЧЕТО И НЕГОВИОТ ЛЕТ НИЗ ПРЕВЕЗОТ НА СПОМЕНИТЕ........................220

Наталија ЛАПАЕВА-РИСТЕСКА. «На мысли, дышащие силой, как жемчуг нижутся слова...»: МОЌТА И УБАВИНАТА НА СЛОВЕНСКИОТ ЗБОР........................228

Филип ДИМКОСКИ. ПОУБАВО СЕ ЦВЕТА, БЕЗ ГОРДЕЛИВОСТ И БЕЗ СУЕТА (Кон сликовницата „Ноли и детелинката" од Вера Андон, илустрации: Кристијан Јованоски, Топер, 2020)........................231

**V АРТитектура........................234**

Васил ДРВОШАНОВ. ПОТРАГА ПО СОВРШЕНИОТ ЛИКОВЕН КЛУЧ (Никола Пијанманов и др. Сликарството на Ниче Василев: 50 години творештво. Струмица: Култ-транзен, 2022)........................236

Коста МИЛКОВ. БЕСКОНЕЧНО СИНИЛО........................245

ГАЛЕРИЈА ОД ДЕЛАТА НА ЛИКОВНИОТ УМЕТНИК ПАНЧЕ ЃОРГИЕВ........................250



Јованка ДЕНКОВА

ГЛУВАРЧЕТО И НЕГОВИОТ ЛЕТ НИЗ ПРЕВЕЗОТ НА СПОМЕНИТЕ

Книгата „Ловец на глуварчиња" од Весна Алексиќ44, по првпат е објавена 2014 година од страна на Креативен центар, Србија, а во Република Македонија е објавена 2019 година од Либи-дел од "Арс Ламина публикации".

Романот „Ловец на глуварчиња" бил инспириран од запознавањето на Весна Алексиќ со момче коешто живее во згрижувачко семејство. Во овој роман, авторот во прво лице од агол на Маша ни раскажува за две деца од нецелосни семејства и нивниот копнеж по исчезнатите родители. 45

Во романот можат да се идентификуваат две тематски јадра околу кои се движи главното дејство. Во епицентарот на првото јадро се наоѓа Маша, чиј лик ѝ послужил на авторката да проговори за многу сложени теми, како што е смрта на родител и импликациите врз животот на детето кои произлегуваат од таа ненадоместлива загуба, животот со самохран родител, во случајов –мајка, како и правото на слободен избор и неприфаќање на некои од традицијата наметнати стереотипи. Второто јадро во чие средиште е ликот на детето Јанко, се чини дека е само повод на авторката да проговори за дисфункционалните семејства, за деца коишто се дадени на посвојување, за инклузијата, за врсничкото насилство, за односот на средината кон децата кои се поинакви, итн. Воопшто, Весна Алексиќ, како и многупати досега, благодарение на своето животно и професионално

44 Весна Алексиќ е родена во 1958 година во Обреновац. Дипломирала на Филозофскиот факултет во Белград во 1981 година. Работи како стручен соработник во предучилишна установа. Пишува од 1987 година, најмногу за деца и адолесценти. Досега ги има објавено романите: „Момчето од Месечината; „Ѕвезда подбивалка (награда Невен за најдобра книга за млади во 1997 година); „Марија Модиљани" (Награда на Матица Српска за најдобар роман за млади во 1999 година); „Карта за летање"; „Ветрот е, Аја"; „Старлета"; „Аукција на ветер"; „Моите сопствени облаци" и збирка раскази „Се викам Јелена Шуман" (Награда за забава на Политика за најдобра книга за деца во 1998 година). Има напишано повеќе радиодрами, монодрама за деца и една монодрама за возрасни. https://www.knjizara.com/Vesna-Aleksic-o810 , преземено на 19.2.2022

45 Blog Knjigoshop, Lovac na maslačke, http://knjigoshop.com/lovac_na…che/, пристапено на 19.2.2022

Јованка *Денкова*

ГЛУВАРЧЕТО И НЕГОВИОТ ЛЕТ НИЗ ПРЕВЕЗОТ НА СПОМЕНИТЕ

Книгата „Ловец на глуварчиња" од Весна Алексиќ[1], за првпат е објавена 2014 година од страна на Креативен центар, Србија, а во Р.Македонија е објавена 2019 година од Либи-дел од Арс Ламина публикации.

[1] Весна Алексиќ е родена во 1958 година во Обреновац. Дипломирала на Филозофскиот факултет во Белград во 1981 година. Работи како стручен соработник во предучилишна установа. Пишува од 1987 година, најмногу за деца и адолесценти.Досега ги има објавено романите „Момчето од Месечината; „Ѕвезда подбивалка (награда Невен за најдобра книга за млади во 1997 година); „Марија Модиљани" (Награда на Матица Српска за најдобар роман за млади во 1999 година); „Карта за летање"; „Ветрот е, Аја"; „Старлета"; „Аукција на

Романот „Ловец на глуварчиња“ бил инспириран од запознавањето на Весна Алексиќ со момче кое живее во згрижувачко семејство. Во овој роман, авторот во прво лице од агол на Маша ни раскажува за две деца од нецелосни семејства и нивниот копнеж по исчезнатите родители. [2]

Во романот можат да се идентификуваат две тематски јадра околу кои се движи главното дејство. Во епицентарот на првото јадро се наоѓа Маша, чиј лик ѝ послужил на авторката да проговори за многу сложени теми, како што е смртта на родител и импликациите врз животот на детето кои произлегуваат од таа ненадоместлива загуба, животот со самохран родител, во случајов –мајка, како и правото на слободен избор и неприфаќање на некои од традицијата наметнати стереотипи. Второто јадро во чие средште е ликот на детето Јанко, се чини дека е само повод на авторката да проговори за дисфункционалните семејства, за деца кои се дадени на посвојување, за инклузијата, за врсничкото насилство, за односот на средината кон децата кои се поинакви, итн. Воопшто, Весна Алексиќ, како и многупати досега, благодарение на своето животно и професионално искуство, а пред сѐ - дарбата на творец, проговорува за многу комплексни теми, за кои, писателите за деца и млади ретко се решаваат да зборуваат. За среќа, модерните текови во литературата за деца налагаат да се опфаќаат сите аспекти од детското живеење.

Конструкцијата на романот е изградена од петнаесет кратки раскази, кои се поврзани меѓу себе според текот на дејството и ликовите. Романот навлегува подробно во релацијата родител –дете/деца-возрасни.

Почетниот расказ („Сакам да знам“) ни открива една кризна/напната ситуација меѓу самохраниот родител (мајка) и детето, заради желбата на мајката Ксенија, нагалено викана Сенка, да наметне забрана за користење на технологијата: „Во нашата куќа нема телевизор. Тоа не е затоа што сме сиромашни, па не можеме да го купиме. Не станува збор за тоа. – Така навремено одлучивме со татко ти и –точка!...Веднаш можете да претпоставите дека работата е слична и со мојот мобилен телефон. Јас сум единственото дете кое завршило прв одделение и кое нема мобилен! – Кога ќе наполниш десет години, ќе добиеш мобилен телефон! – ми вети мама. Тогаш ќе ми дозволела да поминувам и повеќе време пред комјутер! Во право сте ако помисливте дека сега не ми го дозволува тоа! Воопшто не ми дозволува, освен во сабота, и тоа само еден час!“ (7-8). Опишувајќи го односот меѓу децата и возрасните на едноставен јазик, авторот дискретно предлага многу други сериозни теми за размислување. На примерот на мајката на Маша, која посветува големо внимание на тоа нејзината ќерка да не стане роб на технологијата, Весна Алексиќ го слави времето и искрениот однос што родителот директно му го посветува на детето. Истовремено, и покрај лутината евидентна е љубовта на Маша кон мајка си: „...гледам дека ситуацијата штом мојата мајка Сенка ќе се налути. Сенка не смее да се мурти бидејќи тогаш на челото ѝ се врежува една брчка чија трага долго се гледа, дури и кога ќе заборави за што воопшто се муртела“ (7). Факт е дека смртта не може да се сокрие од децата. Родителот кој се обидува да го заштити детето од искуството на смртта, додава само збунетост и анксиозност во и онака тешкиот свет. Кога во семејството има починато лице, чувствата на возрасните членови на семејството се пренесуваат и врз децата на многу невербални начини, како што

ветер“; „Моите сопствени облаци“ и збирка раскази „Се викам Јелена Шуман“ (Награда за забава на Политика за најдобра книга за деца во 1998 година). Има напишано повеќе радиодрами, монодрама за деца и една монодрама за возрасни. https://www.knjizara.com/Vesna-Aleksic-o810 , преземено на 19.02.2022

[2] Blog Knjigoskop, Lovac na maslačke, http://knjigoskop.com/lovac_na_maslacke/ , пристапено на 19.02.2022.

е експресијата на лицето, тонот на гласот, држењето на телото и сл.[3] Приврзаноста на Маша кон мајка ѝ произлегува и од фактот што тие две живеат сами, по трагичната смрт на таткото: „Тато со текот на времето сигурно малку ќе попуштеше во врска со тие страшни одлуки околу телевизорот, мобилниот и компјутерот, но тој веќе не е со нас во реалноста, така мама постојано повторува. И никому не дозволува да каже дека мојот татко не е жив“ (9).

Во многу ситуации во романот експлицитно се покажува силата на малото девојче Маша, која таа ја добива од моралната цврстина на мајката: „ – Маша, сега ти си голема и треба да знаеш! Тато не е виновен што нѐ напушти, други луѓе се виновни, луѓе кои брзо возеа и го предизвикаа тој судир. Тој тебе никогаш не би те напуштил, па немој ни ти него. Секогаш сеќавај се на него без плачење, разбираш ли? Тој не сакаше ти да плачеш!...Малку ја гризеше устата и подголтнуваше, а мене ми беше некако непријатно да клечи тука, на патеката. Тогаш ми беше жал за мама и не сакав да ѝ додевам повеќе. Видов дека и таа одлучи да не плаче, а на луѓето треба да им се помогне да бидат одлучни затоа што тоа е добра особина.“ (10). Чувствувајќи ја силата, но и презагриженоста на мајка си, Маша честопати сака да ѝ помогне, на еден чист, наивно детски начин во чија суштина се крие една голема вистина дека децата чувствуваат многу повеќе отколку што мислат возрасните. Па, оттука, замената на улогите родител-дете не делува изнасилено: „Таа многу сака да биде супермајка и понекогаш ми е жал што не знае да се опушти, па ѝ велам: - Ајде јас малку да ти бидам мајка, а ти биди Маша! Неколкупати таа се согласи да ја игра играта и беше толку добра и послушна Маша, што сѐ упропасти. Таа жена навистина не знае да се опушти!“ (9).

Дејството на романот започнува како ретроспективно навраќање на Маша кон претходната година, кога тргнала во прво одделение и овде авторката не пропуштила на хуморен начин да ја прикаже преокупираноста на родителите: „Тоа е оној важен ред кога влегувате на првиот час и се разделувате од родителите. Тоа е оној ден кога сите мајки, сите татковци и сите баби се возбудени и дотерани, кога ви мавтаат како да се разделувате засекогаш, кога им ѕвонат мобилните како луди, а тие ги исклучуваат оти важно им е да не пропуштат ниту еден момент од таа свечена колона која влегува во училницата“ (12).

Друга тема за која проговорува Весна Алексиќ, а поврзана со поаѓањето на училиште е традиционалното дотерување на новите ученици, но авторката не го критикува тоа туку, се осврнува на традиционалните предрасуди поврзани со женскиот пол, нешто за што Маша е сособено свесна: „Околу мене имаше куп розови девојчиња: во розови фустанчиња, со розови патики, во розови дуксерки, со розови венчиња и розови ранчиња...вистински розови принцези – и мене веднаш не ми се допаднаа“ (13). Маша е девојче кое е многу силно и самостојно, што произлегува и од воспитувањето кое го добила од родителите, така што таа не ги прифаќа наметнатите и ригидни ставови на баба ѝ поврзани со розевата боја како „типична“ за женскиот род. Феминистките исто така би биле многу задоволни од нејзината критика на родовата диктатура на розовото, како и од афирмацијата на правото на жените на слободен избор на приватен живот. „Ловец на глуварчиња“ впечатливо ја демонстрира авторовата мудрост, емотивност, промисленост, стилска зрелост и модерност. Преку оваа црта од нејзиниот карактер, авторката Алексиќ истакнува дека овде не се работи за некаков изграден став околу феминизмот (за кој Маша не е ни свесна), туку за настојувањето да се биде различен, да се почитуваат различностите, како и да се сочува слободата на избор и неограничувачките предрасуди. Тоа е евидентно од нејзиниот став кон „розевите“

[3] Vidal S. Clay, Children Deal with Death, The School Counselor, Vol. 23, No. 3 (January 1976), pp. 175-184, Sage Publications, Inc., https://www.jstor.org/stable/23903238 , 09.03.2022

девојчиња, но претставува и своевиден бунт против двојните стандарди на родителите: Едно од розевите девојчиња прво истрча во ходникот, викајќи на цел глас: Леле, колку е убаво на школо! И веднаш потоа поврати во ходникот.“ (18) „Е, тоа е проблемот со возрасните. Мене не ми дозволува да кажам дека розовото девојче истури црева и дека некој е кул, бидејќи така зборувале уличарите и тоа не било убаво, а кога таа така зборува, тогаш тоа е сосема во ред“ (20).

Токму заради слободарскиот дух на Маша, изборот на пријател со кој за прв пат ќе влезе во училиптето, не е девојче туку момче, кое е многу необично: „Во тој момент здогледав едно ситно момче кое имаше црвен џбун на главата и лице црвено како дамката на мама! Еве го спасот! Брзо го зграпчив за рака. Нека си биде црвен колку што сака, само да не е розов! Впрочем, кога малку подобро го погледнав, тој имаше и тексас-јакничка, цело ѕвездено небо од пеги и тркалезни очила“ (13-14). Ликот на Јанко е добра причина авторката имплицитно да каже нешто за инклузијата во училиштето и отпорот што го предизвикува. Затоа уште од првиот ден се спријателила со Јанко, кој не е како другите деца. Воопшто не зборува и повремено се однесува прилично чудно: бега од клупата и трча неколку круга низ училницата и се смирува. Толку е чудно што некои деца и нивните родители протестираат поради тоа што тој е во нивното одделение. Но, Маша е на негова страна, како и нивната учителка, која е навистина кул: „На другите можеби им пречеше тоа што учителката само на Јанко му дозволуваше да шета на час. Тоа често се случуваше затоа што тој никогаш немаше мир. Секогаш прв ги завршуваше задачите и тогаш ќе станеше и без никаков повод ќе почнеше да шета низ училницата“ (23). Чести се испадите на Јанко во училиштето, а Маша, иако на почетокот е збунета од неговото однесување, се обидува да му помогне: „Јанко со стравотна сила го ишара целиот лист со црна восочна боичка, со некакви бесмислени страшни чкртаници... Толку многу стискаше на хартијата што ја искина на неколку места“ (24); „...потоа ненадејно потрча кон таблата и попатно го турна лаптопот од масата“ (27). Постојаната лутина и молчење на Јанко, како и неговото инцидентно проблематично однесување, ќе го одведат и кај логопед.

Неговиот лик во романот е показ и доказ за односот на околината кон децата со попречености, иако подоцна се востановува дека Јанко нема никаков проблем. Имено, токму неговото необично однесување е причина за дистанцирање на другарчињата во училиштето од него, но и за стравот кој тие и нивните родители го чувствуваат од сè она што е различно: „Чув дека некои родители се буделе против Јанко и бараle да биде преместен во друго одделение...На некои родители им пречело тоа што Јанко шета низ училницата и им пречи на нивните деца. ..Не, учителката нема да дозволи никакви бунтови...Таа жена е кул и не обраќа внимание на будалаштини и малограѓанштини“ (41). Токму заради приврзаноста на Маша кон Јанко и таа ќе се најде на удар на обвинувања на одредени ученици. Имено, и таа и Јанко ќе бидат жртви на врсничко насилство, преку неосновани и лажни обвинувања, говор на омраза, како на пример дека имаат вошки, дека Јанко го турнал пијаното и слично: „Ти! Ти си виновна за сè! Ти и овој немиот! – продолжи Ема, вперувајќи го прстот во Јанко...Не знам што ми стана, но знам дека ја удрив по лицето, а таа ме искуба за косата. Тоа многу ме налути, а и ме болеше, чесно признавам, па ја туркав до оградата...И тогаш ја соборив Ема на земја“ (32).

По испадот во училиштето, мајка ѝ, како секој добар родител, ќе поразговара со Маша, но и ќе ја поддржи, потсетувајќи ја на зборовите на татко ѝ, кој рекол дека Маша е како амбасада. Амбасадите се куќи во кои работат претставници на други земји и никој нема

право да влезе во амбасада без дозвола, бидејќи тоа би предизвикало меѓународен инцидент. Аналогијата со Маша е дека и таа е, исто така независна, горда и неприкосновена територија и е многу приврзана за неа: „На татко ти му се допаѓаше тоа што умееше да се браниш, што си бестрашна и самостојна, но...мораш да бидеш и достоинствена амбасада. – Не смееш прва да напаѓаш, не смееш да ги повредуваш другите и не смееш да се тепаш“ (36-37). Во понатамошниот тек на овој необичен и несекојдневен роман, преку ликот на Јанко, авторката проговорува и за други сериозни теми. Една од нив е темата на распарчено/дисфункционално семејство, темата на посвоеното дете и сл. Имено, воведувајќи го елементот на интригата и детективскиот роман, сосема случајно Маша дознава дека Јанко не живее со своите вистински родители: татко му е во затвор, а мајка му го родила како малолетник, па социјалните служби не ѝ дозволуваат да го земе Јанко со себе додека не заврши училиште и не најде работа. Затоа Јанко бил распореден во згрижувачко семејство. Според некои автори, децата во згрижувачки семејства покажуваат широк спектар на ментални здравствени потреби и дури седум пати повеќе емоционални, развојни и хронични здравствени проблеми, споредено со други групи на деца. Голем дел од овие деца имаат многу ниска самодоверба, се чувствуваат неважни, често се импулсивни, насилни и реагираат експлозивно. Тагата која тие ја чувствуваат заради загубата на семејството, води кон емоционални и проблеми во однесувањето[4]: „Јанко е твој добар другар, само што е во згрижувачко семејство. Ова се неговите згрижувачи, тие многу добро се грижат за него, а она што сега му е потребно е помош од добар другар, а тоа си ти – и тоа е сè!“ (49). Децата реагираат на разводот/разделбата на нивните родители со болни емоции вклучувајќи тага, збунетост и страв од напуштање, вина, заблуди, лутина, конфликти за лојалност, грижа и тага. Многу деца доживуваат чувства на загуба кога едниот родител се придвижува/се оддалечува надвор од семејното живеалиште[5]: „Јанко со стравотна сила го ишара целиот лист со црна восочна боичка, со некакви бесмислени страшни чкртаници... Толку многу стискаше на хартијата што ја искина на неколку места“ (24); „...потоа ненадејно потрча кон таблата и попатно го турна лаптопот од масата“ (27).

И навистина, и покрај верувањето на сите дека Јанко не зборува, благодарение на позитивното влијание и искрено пријателство од Маша, тој проговорува, иако на почетокот само Маша ја знае неговата тајна: „Ти сосема нормално зборуваш? – прошепотев вџашено. – Да, само не зборувај за тоа“ (65). Причината за неговото однесување и одбивањето да зборува и да комуницира со надворешниот свет, Јанко вака ја објаснува: „Не знам каде е мајка ми. И затоа сум ѝ лут....-А каде е татко ти?...-Тој е во затвор...И нему сум му лут“ (70-71). Децата реагираат на разводот на нивните родители со болни емоции вклучувајќи тага, збунетост и страв од напуштање, вина, заблуди, лутина, конфликти за лојалност, грижа и тага. Многу деца доживуваат чувства на загуба кога едниот родител се придвижува/се оддалечува надвор од семејното живеалиште.[6]

Маша и самата го согледува односот на околината, на училиштето ко Јанко, зашто и таа ги чувствува последиците, а се чини и мајка ѝ на Маша (која во случајов, ги отсликува

---

[4] Maha N. Younes and Michele Harp, Addressing the Impact of Foster Care on Biological Children and Their Families, Child Welfare, Vol. 86, No. 4 (July/August 2007), pp. 21-40, https://www.jstor.org/stable/45400408 , 15.03.2022

[5] Ukpe, L.Q. (2021). Children’s behavior towards divorce and effective parenting, 2021, https://www.academia.edu/49558597/Childrens_Behaviour_towards_Divorce_pdf, accessed on 13.02.2022

[6] Ukpe, L.Q. (2021). Children’s behavior towards divorce and effective parenting, 2021, https://www.academia.edu/49558597/Childrens_Behaviour_towards_Divorce_pdf, accessed on 13.02.2022

ставовите на средината) се согласила на таков однос во име на мирот: „Јанко и јас седевме во последната клупа во редицата ...и јас често приговарав заради клупата. Кога ѝ се пожалив на мама, таа ми рече дека во првите клупи вообичаено седат понешните деца и оние кои носат очила, но тој одговор ѝ пропадна затоа што и Јанко носи очила....Истото беше и со колоната. Кога одевме двајца по двајца низ градот, Јанко и јас повторно бевме последни, мама рече дека тука не гледа никаков проблем“ (74).

Истражувачите на теоријата за лицата со попреченост изразуваат загриженост за стереотипите. На пример, Блашка (2004) вложува многу напор во истражувањето на детето со посебни потреби како мотив во литературата за деца. Таа се фокусира на потенцијалот на читателот да се препознае себеси во ликовите на приказната. Книгите се опишани како огледала кои ни покажуваат ликови кои имаат чувства и искуства слични на нашите. Таа ги повикува рецензентите да користат одредени критериуми за да ги проценат детските книги каде се присутни протагонисти со попреченост. Според неа и со нејзините зборови кажано, добрите книги треба да: 1. Промовираат емпатија, а не сожалување. 2. Да прикажуваат прифаќање, а не потсмев. 3. Да го нагласуваат успехот наместо неуспехот. 4. Да промовираат позитивна слика за лицата со попреченост или болест. 5. Да им помагаат на децата да добијат точно разбирање за попреченоста или болеста. 6. Да покажуваат почит кон лицата со попреченост или болест. 7. Да го промовираат ставот на „еден од нас“ а не „еден од нив“. 8. Да користат јазик што прво ја нагласува личноста, место попреченоста, 9. Да ја опишуваат попреченоста или лицето со попреченост или болест како реални (т.е. не субчовечки или натчовечки.[7] Ако се осврнеме на тврдењето на Мелани Кос која подразбира три типа на попреченост: физичка (некаков физички недостаток), емоционална (некакво емоционално пореметување) и когнитивна (способност за било какво учење), ќе се согласиме дека во случајот на Јанко, се работи за доброволна физичка попреченост (одбивање на говор и комуникација со околниот свет), а причина за неа е емоционално пореметување/попреченост (заради растуреното семејство и чувството на напуштеност од родителите).[8]

Прифаќањето од околината ќе резултира со успешен обид за инклузија на Јанко во училишните воннаставни активности, како што е организирањето на новогодишна театарска претстава, иако тој е само чевлар во неа и не зборува. Во контекст на претходно елаборираното за романот „Ловец на глуварчиња“ од Весна Алексиќ, може да се спомне и статијата на Kurt и Karen со наслов „Разбирање на попреченостите преку литературата за деца“, во која се дискутира за децата кои биле недоволно застапени во општеството поради раса, пол, сексуални преференции и попреченост, или, според авторот, целта на детската литература е начин да се споделат моќни примери за тоа како сите ние можеме или не можеме да се однесуваме кон индивидуалните разлики.[9] Имено, целта е да се покаже круцијалната улога на социјалната инклузија на лицата/децата со посебни потреби. Социјалното вклучување и активното учество на сите членови на општеството се од витално значење за практикување на човековите права и промовирање на човековото

[7] Blaska, Joan K. (2004). Children’s literature that includes characters with disabilities or illnesses. Disability Studies Quarterly Vol 24, No 1., The Ohio State University Libraries, <www.dsq-sds.org>15.03.2022

[8] Koss, D.M. (2015). Diversity in Contemporary Picturebooks: A Content Analysis. Journal of Children's Literature, 41.1, accessed http://www.abrondino.com/uploads/1/3/2/1/132140667/koss.pdf, 11.02.2022.

[9] Kurtta, Stephanie A, Gavigan, Karen W. (2018). Understanding (Dis) abilities through children’s Literature. Education Libraries, Vol. 31, Issue. 1. https://units.sla.org/division /ded/education_librraries.html. 10.02.2022

достоинство. Во денешно време, концептот на прифаќање на различноста игра важна улога во социјалната политика. Образовниот систем генерално ја отсликува социјалната структура преку пренесување на општествените норми на учениците.[10]

И при поделбата на улогите за претставата, повторно е видлив е отпорот на Маша кон востановените конвенции, заради што таа решава да ја земе улогата на наратор: „Ако помисливте дека јас сакав да бидам принцезата, ептен сте се излажале! Круна на кратка коса воопшто не е интересна, а освен тоа, таа принцеза не прилега на мојот карактер, ако ме разбирате. Таа многу кенкаше, а мене кенкањето ме нервира“ (64). Маша му помага на Јанко да биде среќен и повторно да ја запознае вистинската мајка, па дури и да зборува. Неговата мајка се појавува под необични околности, со создавање на драмска напнатост. Имено, во неколку наврати, Маше ќе забележи млада полицајка со црвена коса како ги следи, и во расплетот се открива нејзиниот вистински идентитет, дека е мајката на Јанко, која во меѓувреме гом завршила своето образование и се вработила, но и се развела со сопругот, таткото на Јанко.

На тој начин, додека е преокупирана со Јанко, Маша сè почесто заборава на глуварчињата. А глуварчињата се посебна тема во овој неголем роман по обем, но огромен по животните вистини кои се кријат во него: „Тоа со глуварчето е чудна приказна. Тато и јас бевме ловци на глуварчиња, тоа веќе ви го кажав, но не ви објаснив зошто го сакавме тоа цвеќе. Глуварчето е најупорното и најтврдоглавото цвеќе. Можете да го најдете среде зима, како и среде лето. Само да се пробие еден сончев зрак, тоа ја подига главата од тревата, па макар била покриена и со слана, што значи дека е многу студено. Само за него не постојат годишни времиња, можете лесно да го проверите тоа. Тато и јас го откривме тоа и секогаш, секогаш ги беревме. Со тој лов продолжив и сама...Успевав во тоа затоа што ми беше многу важно да соберам глуварче секогаш кога ќе најдам. Тоа веќе ми беше навика и моја убава, мала обврска. Таа вечер помислив колку долго време не сум собрала ниту едно глуварче. Снегот што паѓање ме оправда, но јас сепак знев дека сум заборавила“ (50-51). На часовите по ликовно, Маша го открива својот најголем страв, кога добиваат задача да го визуелизираат на хартија: „Не ѝ го кажав ни тоа дека понекогаш се плашам дека ќе заборавам како изгледаше тато. Мама не сака да се плашам од ништо, а јас се трудам, иако не успевам секогаш“ (11).

Покрај тоа што ја претставуваат врската на Маша со нејзиниот татко, глуварчињата се и метафора на упорната убавина која го пробива најголемиот мрак - мини реплики на сонцето во тревата, но и кај другите луѓе. На тој начин, преку симболиката на глуварчињата се разјаснува идејата на авторката Алексиќ да проговори за една болна тема на нашето општество, а тоа е – нетолерантноста и некомплетното прифаќање на лицата со попреченост. Иако низ дејството на романот се покажува дека Јанко нема попреченост, туку во знак на разочараност и револт одбива да зборува, авторката мошне успешно ја покажува реакцијата на средината. Преку ликот на малото девојче Маша, авторката всушност покажува какви треба да бидеме, а иронизирајќи го ликот на девојчето Ема кое неоправдано и лажно го обвинува и навредува Јанко – какви сме, како општество, во суштина.

Романот завршува со завршеното патување на мајката Сенка и Маша кај најдобрата другарка на Сенка во Германија и моментот на враќање со авион во татковината, кога, набљудувајќи ги облаците околу себе, Маша ќе се потсети на еден од најубавите моменти кои ги поминала со својот татко: „„Бев сама со тато во автомобилот...Одевме по некој

[10] Gulya, G. (2020). Anikó Fehérvári, Mapping disability representation in primary school youth literature, Conference Paper, accessed on https://researchgate.net/publication/343090283, 10.02.2022

споредeн пат, од двете страни на патот растеа густин дрвја, и во еден миг, како што дувна ветерот, пред нас почнаа да паѓаат исушените лисја како златен дожд. Многу, многу лисја за момент летнаа, ветерот ги однесе како конфети, а потоа пополека бавно паѓаа на земјата, како на забавена снимка“ (101).

Тогаш Маша сфаќа дека никогаш нема да го заборави, зашто тој секогаш ќе биде со неа, особено зашто двапати се вратил на истото место за да може Маша да ја запомни сликата: „И кога се потсетив на тоа. Одеднаш повторно се расположив бидејќи точно се сетив дека тато имаше јакна од превртена кожа, и се сетив како мирисаше таа, и убаво можев да го слушнам неговото смеење, и се сетив колку ги сакаше убавите слики на природата и дека беше неуморен ловец на глуварчиња, и во истиот момент знаев – глупаво е да се плашам дека ќе го заборавам“.

Романот „Ловец на глуварчиња“ од српската авторка Весна Алексиќ испраќа моќни пораки за повеќе сегменти од нашето живеење. Најпрвин, таа отворено и искрено проговорува за односот родител-дете, особено во семејство на самохран родител, и дете кое и самото треба да се избори со загубата на другиот родител и тагата. Следно, таа проговорува и за социјалната инклузија и прифаќањето на различностите во општеството, за односот на средината кон сето она што таа средина го смета за поинакво, чудно, неприфатливо, недолично и слично. Весна Алексиќ ни покажува дека тие фундаментални навики кај децата треба да се создаваат уште во најраната возраст и дека децата се нашето огледало, а од нас зависи што ќе здогледаме во него.

Оттука, книгите од ваков тип, книги во кои авторите отворено зборуваат за сите реални, па макар и грди и тажни страни од животот и живеењето се исклучително важни. Ако пак, сето тоа е проткаено со умерена доза на хумор и искрен детски оптимизам, таквата книга може да претставува моќно оружје - „глуварче“ за менување на светот на подобро и создавање на нови генерации млади, силни полетни луѓе со широк светоглед.